ECM
ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ
3-Е-07
Бр. 02-525/1
28-01-2020 год.
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**А.Д. „Електрани на Северна Македонија" - Скопје е компанија за производство и испорака на електрична и топлинска енергија, која што во согласност со визијата за развој на компанијата, презеде обврска да воспостави и спроведува систем за менаџмент со животната средина, целосно усогласен со барањата на стандардот ISO 14001:2015.**

Свесни за неопходноста да ја заштитиме, зачуваме и да ја унапредиме животната средина за сегашните и за идните генерации, со цел да го промовираме одржливиот развој, ние како раководен тим, заедно со сите вработени во АД „ЕСМ" , ги објавуваме следните водечки принципи на Политиката за животната средина:

- Идентификување на сите аспекти што се однесуваат на животната средина и преземање конкретни мерки за тие што се значајни за заштита на околината;
- Обврска за постојано намалување на загадувањето и преземање превентивни мерки за негово спречување;
- Извршување на своите активности во согласност со соодветните прописи и закони за заштита на животната средина;
- Дефинирање и спроведување сопствени правила кои не се предвидени со законските прописи но имаат цел да го унапредат системот за менаџмент со животната средина;
- Поттикнување и едукација на вработените да дејствуваат превентивно и постојано да ја подобруваат грижата за заштита на животната средина;
- Штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и количините на штетен отпад;
- Информирање на своите деловни партнери и другите засегнати страни за сопствената определба за заштита на животната средина;
- Индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето;
- Раководниот тим на А.Д. ЕСМ е целосно одговорен за одржување и развој на системот за менаџмент со животната средина.

Темелен и обврзувачки принцип на нашата компанија е слоганот:

**"Земјата не ни е дадена во наследство од нашите предци, туку ни е позајмена да ја чуваме за идните поколенија"**

Скопје, јануари 2020

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

м-р Васко Ковачевски,
Генерален директор